# НОГУ МИ ГО ФАЛАТ БАБО




„Ногу ми го фалат, бабо мори,
Ногу ми го фалат,
Твоето девојче, белото Мариче."

„Кој што го е видел, сину море,
Сè болен е паднал, кој што го е видел,
Сè болен е паднал."

„Јазе да го видам, бабо мори,
Ако болен лежам (2 п.)
У нејната куќа.
У нејната куќа.

У нејната куќа, бабо мори,
На железен кревет, у нејната куќа.
На меки душеци."

„На глава ќе седе, бабо мори,
Твоето девојче (2 п.)
Белото Мариче."

Пеела Сута Бадева од Кавадарци — Тиквешко, 1968 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.